***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 26.03.2025 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

Во работата на советот учествуваа 7 (седум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски и Сашо Михајловски присутни во салата и советничката Марина Димитријовска учествуваше во работата на советот со употреба на комуникациски средства- преку мобилен телефон, а отсутни беа советниците Филип Ангелевски, Валентин Нестороски Данила Давидевска и Јасмина Јовановска. На седницата присутен претставник од општинската администрација беше Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во ноќниот клуб „ПУЛС“-Општина Кочани.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира седум советници учествуваат во работата, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа ја образложи потребата од свикување на вонредна седница. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница.За дневниот ред гласаа 7 „за“ против и воздржани немаше.
.

***ТОЧКА 1. Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настраданите граѓани во пожарот во ноќниот клуб „ПУЛС“-Општина Кочани***

Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот од општината Александра Трајковска. Бидејќи немаше пријавено за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. За предлогот гласаа 7 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Во точката предлози и прашања Претседателот на Советот потсети да се побара од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар да се изготви предмер пресметка за реконструкција на резервоарите за вода во населените места Доленци и Базерник. Бидејќи немаше повеќе дискусија, Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-470/3 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2025 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.